**Предлагачи : Група пратеници**

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН  ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

**Скопје, март 2025 година**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 26. 03. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia. Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 1882/1 | | |


**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на **Законот за авторското право и сродните права**, по редовна постапка.

**ПРАТЕНИЦИ:**

Бране Петрушевски
Бети Стаменкоска-Трајкоска
Тони Ѓоревски
Каролина Наскоска
Марија Станиоски



2

**В О В Е Д**

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со **Законот за авторското право и сродните права** („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16) се уредуваат правата на авторите над своите авторски дела. Исто така, со овој закон се регулираат остварувањето и заштитата на авторското право и сродните права.

Со цел усогласување на законската рамка со современите технолошки трендови, европските регулативи и потребите на креативната индустрија, се предлагаат измени и дополнувања на овој закон. Овие измени имаат за цел подобрување на заштитата на авторските права во дигиталната средина, зголемување на транспарентноста во колективното управување со правата и создавање пофер услови за авторите и другите носители на сродни права.

Со предложените измени се утврдува нова категорија на авторско дело – новинарското дело, кое претставува новинарска содржина со посебни жанровски карактеристики што ја разликуваат од дневните вести и другите медиумски информации со општ информативен карактер. Новинарското дело вклучува текстуални, фотографски и аудиовизуелни прилози, објавени како дел од новинарското дело или како самостојни медиумски содржини. Дополнително, се регулираат односите помеѓу агрегаторите на вести и авторите на новинарски дела, со цел да се заштитат правата на новинарите и издавачите на медиуми во дигиталната средина и да се обезбеди фер компензација за користењето на нивните содржини.

Ваквите измени се во согласност со член 15 од Директивата (ЕУ) 2019/790 за авторското право во дигиталниот единствен пазар, со кој е предвидена заштита на правата на издавачите на медиуми при дигитална употреба на нивните содржини, овозможувајќи им право на надомест при агрегирање и споделување на нивните публикации, со што се зајакнува правниот статус на медиумските содржини и се обезбедува рамнотежа меѓу дигиталната достапност и заштитата на авторските права.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на Предлог на закон за изменување и дополнување на **Законот за авторското право и сродните права** е утврдување на јасна нормативна основа за регулирање на односите помеѓу агрегаторите на вести и авторите на новинарски дела. Со ова се обезбедува фер и

правично уредување на правата и обврските на двете страни, гарантирајќи заштита на авторските права на новинарите и медиумските издавачи во дигиталната средина.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на **Законот за авторското право и сродните права** нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на законот за изменување и дополнување на **Законот за авторското право и сродните права** нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Предлогот на законот за изменување и дополнување на **Законот за авторското право и сродните права** е усогласен со Директивата (ЕУ) 2019/790 за авторското право во дигиталниот единствен пазар. Всушност овој предлог ја имплементира заштитата предвидена во член 15 од Директивата, со кој се признаваат правата на издавачите на медиуми во однос на дигиталната употреба на нивните содржини од страна на агрегаторите на вести и други дигитални платформи. Дополнително, со дефинирањето на новинарското дело како авторско дело, се овозможува заштита на авторските права на новинарите и медиумските издавачи, што е во согласност со целите на Директивата.

Истовремено, предложените измени го почитуваат начелото на рамнотежа помеѓу заштитата на правата на носителите на авторски права и слободниот проток на информации во дигиталната средина, што е суштински дел од европската регулаторна рамка. Со оваа законска измена, Република Северна Македонија продолжува со усогласување на своето законодавство со правото на Европската унија во процесот на европска интеграција.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

Член 1

Во Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија" број 115/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16), во член 12 во ставот (1) по зборот „науката“ се става запирка, а зборовите: „и уметноста“ се заменуваат со зборовите: „уметноста и новинарството.“.

Во став (2) во точката 10) сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 11) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По точката 11) се додава нова точка 12), која гласи:

„12) новинарско дело (новинарска содржина со посебни жанровски карактеристики, што се разликува од дневните вести и од другите медиумски информации со општ информативен карактер, како и текстуални, фотографски и аудиовизуелни прилози, кои се објавени како составен дел од новинарското дело или како посебни медиумски содржини). “

Член 2

Во член 13 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„ (3) Под составни делови на новинарско дело, во смисла на член 12 став (2) точка 12) од овој закон, се сметаат насловот, придружната фотографија на насловот и воведниот дел на текстот, кој се нарекува глава (лид). “

Член 3

Во член 52 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„ (4) По исклучок од ставот (3) на овој член, во случај на јавно соопштување на наслов од напис, статија или друго слично дело, тој што јавно соопштува преку агрегирање на вести е должен со носителот на авторското дело да склучи договор за лиценцирање во кој се утврдуваат условите за преземање и дистрибуција на содржина преку интернет. Овој договор за лиценцирање вклучува утврдување на надоместок за авторското право и обврската на агрегаторот да презема само хиперлинк до содржината, насловот, фотографијата и логото на медиумот, не менувајќи го контекстот на оригиналната содржина. “

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден по денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за изменување и дополнување на **Законот за авторското право и сродните права** е систематизиран во 4 члена.

Со **член 1** се проширува дефиницијата за авторско дело со вклучување на новинарските дела како посебна категорија, при што се прецизира дека тие претставуваат новинарска содржина со посебни жанровски карактеристики што се разликува од дневните вести и другите медиумски информации со општ информативен карактер. Новинарското дело вклучува текстуални, фотографски и аудиовизуелни прилози, објавени како дел од новинарското дело или како самостојни медиумски содржини. Оваа промена има за цел да ги заштити правата на новинарите и медиумите од неовластено преземање и користење на нивните содржини, обезбедувајќи фер и одржлива дигитална медиумска средина.

Со **член 2** се дефинираат составните делови на новинарското дело. Се пропишува дека под составни делови на новинарско дело се сметаат насловот, придружната фотографија на насловот и воведниот дел на текстот, познат како глава или лид. Со оваа одредба се гарантира дека и овие делови од новинарските содржини се заштитени со авторско право, спречувајќи неовластено преземање или менување на контекстот на оригиналното дело.

Со **член 3** се регулираат односите помеѓу агрегаторите на вести и авторите на новинарски дела. Се предвидува дека агрегаторите на вести кои јавно соопштуваат наслови од написи, статии или други слични дела ќе бидат обврзани да склучат договор за лиценцирање со носителите на авторските права. Со овој договор ќе се утврдат условите за преземање и дистрибуција на содржина преку интернет, како и обврската на агрегаторите да плаќаат надоместок за користење на содржината. Договорот исто така ќе предвиди дека агрегаторите ќе можат да преземаат само хиперлинк до оригиналната содржина, насловот, фотографијата и логото на медиумот, без менување на контекстот на оригиналниот напис. Оваа мерка е воведена со цел да се заштитат медиумите од неовластено користење на нивните содржини без соодветна компензација.

Со **член 4** се уредува влегувањето во сила на Предлогот на закон.

## II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНАТА ОДРЕДБА

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на **Законот за авторското право и сродните права** ќе овозможи подобра правна заштита на новинарските содржини, регулирање на односите помеѓу агрегаторите на вести и носителите на авторските права, како и обезбедување фер надомест за медиумите и новинарите. Со тоа ќе се намали неовластеното преземање на содржини, ќе се усогласи законодавството со европските стандарди и ќе се поттикнат инвестиции во квалитетно новинарство.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ**

ГЛАВА ВТОРА
АВТОРСКОТО ПРАВО
ДЕЛ 1
АВТОРСКО ДЕЛО
Поим на авторско дело
Член 12

(1) Авторско дело, во смисла на овој закон, е интелектуална и индивидуална творба од областа на книжевноста, науката и уметноста, изразена на кој било начин и форма.

(2) За авторско дело се смета особено:

1) пишано дело (книга, напис, статија, прирачник, брошура, расправа и други дела од иста природа);

2) компјутерска програма, како пишано дело;

3) говорно дело (предавање, говор, беседа и други дела од иста природа);

4) музичко дело, со или без текст;

5) драмско, драмско-музичко, кореографско и пантомимичарско дело;

6) фотографско дело и дело создадено во постапка слична на фотографската;

7) аудиовизуелно дело (кинематографско и друго дело изразено со подвижни слики);

8) дела на ликовната уметност (слика, цртеж, графика, скулптура и друго);

9) дела од архитектурата;

10) дела од применетата уметност и дизајнот и

11) картографскодело, план, скица, технички цртеж, проект, табела, пластично дело и друго дело со ист или сличен карактер од областа на географијата, топографијата, архитектурата и науката.

(3) Како авторско дело се смета и преработка на авторско дело, доколку ги исполнува условите определени со овој закон.

Составни делови на авторското дело
Член 13

(1) Составниот дел на авторското дело, како и насловот на делото, доколку само по себе претставува интелектуална и индивидуалнатворба, се смета како посебно авторско дело.

(2) Не е дозволено како наслов на авторско дело да се користи наслов од ставот (1) на овој член што веќе бил употребен за дело одист вид, доколку таквиот наслов би создал забуна или би довел до создавање забуна во однос на авторското дело и авторот.

Користење без плаќање надоместок

Член 52

(1) Користењето авторско дело без плаќање надоместок се однесува на следниве случаи:

1) времено умножување авторско дело, кога умножувањето е од минлив или случаен карактер и/или е составен и суштински дел на технолошки процес, доколку умножувањето само за себе нема независно економско значење и чија единствена цел на умножувањето е да овозможи пренесување податоци во мрежа меѓу трети лица преку посредник или да овозможи законско користење на делото;

2) умножување што се врши од страна на јавни библиотеки, образовни институции или музеи и архиви заради остварување на нивната дејност и без непосредна или посредна економска или комерцијална цел;

3) снимање авторско дело од страна на радио-телевизиска организација што има дозвола за емитување на делото, доколку го сними со сопствени средства и за сопствени потреби и под услов да го избрише во рокот во кој ја има дозволата за емитување. Доколку снимката има посебна документарна вредност може да биде предадена и сочувана во јавен архив;

4) користење дела заради илустрирање во образовни или научни истражувања до степен оправдан со некомерцијалната цел што треба да се постигне, под услов да се наведе името на авторот и изворот, освен доколку тоа не е возможно;

5) користење авторски дела за потребите на лица со посебни потреби на начин кој е непосредно поврзан со посебната потреба, до степен што таа го бара и без комерцијална цел;

6) умножување и јавно соопштување написи, статии и други слични дела за актуелни стопански, политички, религиозни и други слични теми, заради известување на јавноста, до степен оправдан со целта, освен ако тоа не е посебно забрането од страна на авторот под услов да се наведе името на авторот и изворот, освен доколку тоа не е возможно;

7) користење делови на авторски дела (цитати), во научни истражувања, за настава, критика, полемика или преглед, во обем и до степен потребен за конкретната намена и под услов да се наведе името на авторот и изворот, освен доколку тоа не е возможно;

8) користење дела за целите на јавната безбедност или во судска, парламентарна или административна постапка;

9) користење политички говори, како и извадоци од јавни предавања и слични дела до степен оправдан со информативната намена, под услов да се наведе името на авторот и изворот, освен доколку тоа не е возможно;

10) користење дела за време на верски обреди или други службени одбележувања организирани од органите на државната власт и единиците на локалната самоуправа;

11) користење архитектонски и вајарски дела трајно сместени на јавни места (улици, плоштади, паркови и слично);

12) користење дела од областа на ликовната и применетата уметност, архитектурата, индустрискиот дизајн и фотографските дела изложени на јавни изложби или на аукција од страна на организаторот, на плакати или каталози изработени без комерцијални цели до степен неопходен за промовирање на настанот;

13) преработка на дело во пародија, карикатура или пастиш, под услов преработката да не создава забуна во однос на оригиналот на делото и авторството и ако преработката е во рамките на дозволеното користење на делото;

14) умножување авторско дело на носач на тон и слика, јавно соопштување на делото од тој носач, како и јавно соопштување на делото што се емитува, во продавници, на саеми и други места каде што се демонстрира работата на апарати за снимање, умножување и пренесување на тон и слика, во мерка што е неопходна за демонстрирање на работата на апаратите. Записите/снимките создадени по оваа основа веднаш се бришат;

15) случајно (споредно) вклучување авторско дело во друг материјал;

16) користење цртежи или проекти на архитектонски објект заради негова реконструкција и

17) јавно соопштување и ставање на располагање на јавноста на авторско дело заради истражување или лично усовршување на определени места во јавни научни, културни, образовни и други установи од сличен карактер, доколку делото не може да се купи, или за негово користење не е потребна дозвола, а е дел од колекциите/фондот на установите.

(2) Користењето база на податоци или нејзини примероци од

страна на законскиот корисник е без плаќање надоместок, доколку е неопходно за пристап и вообичаено користење на нејзините составни содржини.

(3) Јавно соопштување на наслов од напис, статија и друго слично дело за актуелни стопански, политички, религиозни и други слични теми, во електронска публикација преземена од друга електронска публикација или од друг извор заради известување на јавноста е без плаќање надоместок, освен ако тоа не е посебно забрането од страна на авторот, односно носителот на правото, под услов да се наведе изворот, како и името на авторот доколку тоа е возможно.